# ДРАМА

(помош и дополнување на знаењата во наставата по македонски јазик и литература)

**Професор ЕМОНА ЈОВАНОСКА**

**Учебна 2012/13 г. СОУ ГИМНАЗИЈА „МИРЧЕ АЦЕВ“ - ПРИЛЕП**

**ДРАМА- во стих, проза, отсутен наратор, драмска ситуација, дијалог, конфликт, време, место**

Со името драма (од грч. драма - дејство) се означуваат литературни текстови кои директно или посредно се наменети за изведба на сцена. Но драмата може и да не доживее изведба на сцена, може се да остане во рамките на читање на текстот.

Ако во лириката лирскиот субјект искажува, во епиката нараторот раскаува, драмата прикажува настани, ситуации со помош на ликовите, кои што освен што водат дијалог истовремено и дејствуваат.

Драмата е посебен род во литературата. Таа е претставувачка уметност, наспроти на пр. лириката која е непретставувачка. Драмата никако не смее да се сфати како дело наменето само за сценска изведба, затоа што тоа дело може да се чита како било кое друго литературно дело - како роман, еп, или дури и како лирска песна. Има драмски литературни дела кои многу тешко или воопшто не можат да се постават на сцена од технички причини, т.н. физички причини. Драмските текстови впрочем припаѓаат на уметноста на зборот т.е. литературата, а театарот или сцената (од грч. тхеатрон – гледалиште) е друг вид уметност која во себе обединува неколку уметности.

Во тесна врска со терминот ДРАМА стои и терминот ДРАМАТИЧНОСТ .Драматичноста е посебна одлика или квалитет на книжевниот текст. Тоа е книжевен израз на одредени животни ситуации во кои се јавува судир на мислења, желби, кои предизвикуваат напнатост и стремеж тој судир да се реши. Така дефинирана драматичноста не е само одлика на драмскиот книжевен текст, таа ја среќаваме и во романот, расказот, во поемата или во друг литературен жанр, но драмскиот текст е само можност или типичен начин за изразување на драматичноста на дадена ситуација.

Клучни термини кои се врзуваат за драмата се: драмско дејство, драмски дијалог, драмска ситуација, конфликт.

**1.ДРАМСКО ДЕЈСТВО** - тоа е наниз на меѓусебно поврзани настани, процеси (наспроти на пр. состојби). Впрочем и самото изворно значење на зборот драма (чинам, дејствувам) укажува на тоа. На драмата и се туѓи дескрипциите, набројувањето на деталите. Драмското дело нема наратор кој ќе раскаже за ова или она, ќе даде епска слика на пр. за средината или епохата како што имаме во романите. Во драмата има настан (апстрахиран од животот) во чиј центар се прекршуваат интереси, тенденции за негово разрешување.

**2. ДРАМСКИ ДИЈАЛОГ** - настаните што се прикажуваат не се предадени преку раскажување или пеење во стихови, туку дејството се остварува низ дијалог. Дијалогот (грч. диалогос- разговор) се води меѓу ликовите кои го говорат својот дел од текстот но во исто време го дополнуваат со движења и мимика,

па така прикажуваат одредено случување што кај гледачот создава илузија на конкретно стварен живот.

**3. ДРАМСКА СИТУАЦИЈА**- тоа е односот меѓу ликовите во даден момент, или нивниот говор којшто се однесува на она што е, она што ќе биде или она што било.Тоа е важен фабуларен и идеен елемент на драмското дело. Драмското дејство треба да е концентрирано околу главниот настан и основниот проблем или конфликт, поради просторната и временската ограниченост на драмското дело. Драмските ситуации ја чинат фабулата, приказната на делото. Значи без конфликт, без спор, без затегнатост, нема дијалог, нема дејство, нема ситуација. Тој спор мора да се разреши, целото дејство е насочено кон надминување и конечно разрешување на конфликтот меѓу еден или два лика, меѓу лик и некоја институција... Обично во драмата тој конфликт е разрешен на драматичен, парадоксален начин (во трагедиите - трагично; во комедиите - комично;)
- РАСПЛЕТ.

По тој драмски момент ништо не е како порано, нешто се изменило во нормите на една
заедница, во едно семејство.

**4. ВРЕМЕТО И ПРОСТОРОТ ВО ДРАМАТА.** Колкав временски период треба да третира драмското дејствие? На колку различни места (просторно) може да се одвива драмското дејствие? Епиката на пр. раскажува за нешто што било, поминало(еден роман може да го проследи целиот животен век на ликот-а тоа е долг временски период). Драмата е сепак поограничена во однос на времето и просторот. На сцената не може да се прикаже целата животна приказна на јунакот - за тоа би требало да има илјадници сцени, промени на декори, тоа би барало премногу време да се изведе и прикаже на сцена. Драмата не може да го дозволи тоа. Таа мора да е концентрирана на еден главен настан (или неколку - но да се бројат), дејствието да тежнее кон расплет или расчистување на конфликтот, судирот, спорот, по што доаѓа до крупни промени во животот на човекот, заедницата, општеството.

Според Аристотеловата дефиниција за драмата, не треба да се поставуваат граници на времето и просторот во драмата. Но, во своето дело "Поетика" Аристотел вели дека драмското дејство мора да е целовито и завршено. Мора да има почеток, средина и крај. Поаѓајќи од овие Аристотелови сфаќања, теоретичарите во класицизмот ја нормирале концепцијата за драмскиот текст со што го создале законот за **ТРИТЕ ЕДИНСТВА ВО ДРАМАТА** - дејство, време, место (простор). Според оваа законитост настаните што се одигруваат во драмата не смееле да траат повеќе од 24 часа и требало да се одигруваат само на едно место (во еден дом, во една просторија и сл.).Меѓутоа овој закон за трите единства не може да се сфати како идеално барање кое мора да го исполнува секој драмски текст. Почитувањето само на единството на дејството во поширока смисла, е

доволен услов денес, еден текст со полно право да го вброиме во драмска литература.

Некои теоретичари мислат дека идеално замислена драма треба да се состои од пет основни делови кои се нарекуваат етапи на драмското дејство, а тоа се: експозиција, заплет, кулминација, перипетија и расплет.Ваквото гледање на композицијата на драмата не треба да се сфати како нужност и неопходност, што всушност го покажа и развојот на современата драма со разбивањето на сите досегашни концепции за драмата.

декември,2012 г.